

Ас. Др. Верица Тонева Стојменова

Биографски податоци

Др. Верица Тонева Стојменова е асистент на дентална медицина и забни техничари-протетичари при Универзитет ,,Гоце Делчев" Штип, воедно и специјализант и студент на трет циклус-докторски студии на дентална патологија при Универзитет ,,Кирил и Методиј" Скопје. Уште за време на прв циклус студии, нејзиниот успех е награден од Стоматолошката Комора на Македонија, како најдобар студент на генерација.

Автор и коавтор е на научно-стручни трудови во домашни и меѓународно признати списанија, како и практикум наменет за потребите на студентите на дентална медицина при Универзитет ,,Гоце Делчев". Таа е ментор и коментор на повеќе студентски теми на национионални собири. Има придонес и како млад истражувач и соработник во два научно-истражувачки проекта. Секојдневно, учествува на интернационални научни конференции и симпозиуми, а воедно и се надоградува со посета на стручни современи курсеви од областа. Има одржано неколку работилници во склоп на симпозиуми и учествувала во организационен одбор на истите. Таа е член на професионални друштва: Стоматолошка Комора на Р.С. Македонија и Здружение на ендодонти на Р.С. Македонија.

Тема: Антибиотска само-медикација кај стоматолошките пациенти

Стоматолошките интервенции важат за едни од најстресните, најболните и најнепријатните. Денес, во ерата на висока технологија каде сите информации стигнуваат преку интернет, или преку медиумите, многу лесно лековите и медикаментите се достапни на широката популација. Од таму и можноста за само-медикација кон која, многу побрзо и полесно пристапуваат пациентите, одколку да се одлучат за контролен преглед или третман во стоматолошка ординација кај стручно едуцирано лице-стоматолог.

Се почесто присутната само-медикација кај популацијата во Р.С. Македонија, посебно со земање на лекови и препарати кои навидум се безазлени претставуваше иницијација за нашето истражување: да се направи процена на само-медикацијата со антибиотици кај пациентите на кои им требаат

стоматолошки услуги. Исто така предмет на ова испитување беше и да се верифицираат кои антибиотици најчесто се користат, како и да се процени улогата на образованието при само – медикацијата.

Во Р.С. Македонија нивото на само-медикација е доста високо, затоа е потребно подигнување на свесноста кај популацијата и едуцирање на пациентите за последиците од неа. Па така, без разлика на карактеристиките на антибиотиците како и нивната делотворност на инфекциите во човечкиот организам, во одредена тераписка доза, во исто време, можат да предизвикаат и многу несакани проблеми, кои во екстремни случаи може да завршат и летално, нивната рационална употреба и контрола всушност е целосно оправдана.